2

Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 25 февруари 1977

БЕЛГРАД

БРОЈ 10 ГОД. XXXIII

Цена на овој број е 12 динари. — Претплатата за 1977 година изнесува 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

**122.**

Врз основа на член 347 точка 5 од Уставот на СФРЈ и чл. 8, 11 и 18 од Законот за утврдување и пресметување на вкупниот приход во основните организации на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75), Сојузниот извршен совет донесува

### УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА НЕДОВРШЕНОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ОД СТРАНСКИ ДОЛЖНИЦИ СОДРЖАНИ ВО ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕТО

Член 1

Во Уредбата за пресметување на вредноста на недовршеното производство на определени производи и услуги и за утврдување на побарувањата од странски должници содржани во инструментите за обезбедување на плаќањето („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/76, 42/76 и 57/76) по член 4б се додава нов член 4в, кој гласи:

„Основната организација на здружениот труд што извезува производи, стоки и услуги на кредит чија наплата ја обезбедила во согласност со важечките прописи, може да одлучи во вкупниот приход, истовремено со вредноста на извозот, да го засмета и износот на средствата по основ на поврат на царина и на други давачки што ги остварува по основ на девизниот прилив во согласност со важечките прописи.

Во случајот од став 1 на овој член, износот на данокот и на другите давачки што го засметала во вкупниот приход основната организација на здружениот труд го искажува како дел на вредноста на продадените стоки на кредит.

Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина на основната организација на здружениот труд ѝ издала исправа за пресметаниот износ од став 1 на овој член."

Член 2

Оваа уредба се применува и врз утврдувањето на вкупниот приход во завршната сметка за 1976 година.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 124
17 февруари 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Берислав Шефер**, с. р.

**123.**

Врз основа на член 347 точка 5 од Уставот на СФРЈ, Сојузниот извршен совет донесува

### УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ И ЗАЕДНИЦИТЕ СПОРЕД ЕДИНСТВЕНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ

Член 1

Во Уредбата за распоредување на организациите и заедниците според единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/76) во член 12 став 2 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „во рок од 5 дена од денот на приемот на известувањето за распоредувањето".

Член 2

Во член 13 став 5 на крајот се додаваат, и зборовите: „во рок од 5 дена од денот на приемот на известувањето за распоредувањето".

Член 3

По член 16 се додава нов член 16а, кој гласи:

„Организацијата, односно заедницата што го примила известувањето за извршеното распоредување, пред денот на влегувањето во сила на оваа уредба, должна е еден примерок од известувањето за распоредувањето да достави до единицата на Службата на општественото книговодство кај која се води нејзината жиро-сметка, во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба."

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 123
17 февруари 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Берислав Шефер**, с. р.

---

**124.**

Врз основа на член 247 точка 5 од Уставот на СФРЈ и член 1 став 2 од Законот за посебната такса на увезените стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/70), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА КОИ ПРИ УВОЗОТ СЕ ПЛАЌА ПОСЕБНА ТАКСА

1. На стоките што се увезуваат, освен на стоките што се ослободени од плаќање на царина спо-

ред чл. 25 до 30 и чл. 50 и 57 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), односно на стоките за кои царината се плаќа по намалена стапка според чл. 30 и 50 од Царинскиот закон, се плаќа посебна такса во височина од 10% од вредноста на увезените стоки.

2. По исклучок од одредбата на точка 1 од оваа одлука, на увозот на репродукциони материјали за кои со решенија на Сојузниот извршен совет за царинските контингенти е предвидено намалување на царината во 1977 година, посебна такса се плаќа, и тоа:

1) по стапка од 7% — ако царината се намалува за 50%;

2) по стапка од 7,5% — ако царината се намалува за 40%;

3) по стапка од 8% — ако царината се намалува за 30%.

3. По исклучок од одредбата на точка 1 од оваа одлука, на увозот на специфичната опрема што се врши врз основа на решение на Сојузниот извршен совет за царинските контингенти, а за кои со тоа решение е предвидено:

а) намалување на царината за 50% — посебната такса се плаќа по стапка од 7%, и тоа за:

1) производство на хидроелектрична енергија;

2) производство на термоелектрична енергија, на јаглен;

3) производство на нуклеарно-електрична енергија;

4) пренос и дистрибуција на електрична енергија (изградба и комплетирање на мрежата за пренос и трансформација на електрична енергија од 380, 220 и 110 KV и изградба на диспечерски центри и соодветни потцентри на Заедницата на југословенското електростопанство);

5) рудници на јаглен и облагородување на јаглен,

6) истражување и изградба на капацитети за експлоатација на сурова нафта, гас и јаглени шкрилци;

7) изградба на магистрални нафтоводи и гасоводи;

8) истражувања за унапредување на технологијата за добивање на гас од домашен јаглен;

9) истражување и производство на нуклеарни горива;

10) истражување на соларната и геотермалната енергија;

11) механизација за индустриско производство на земјоделски производи (пченица, 'рж, јачмен, оризова арпа, овес, пченка, шеќерна репа, сончоглед, памук, соја, маслена репка, масленки и тутун);

12) водостопанство (системи за наводнување и одводнување и за пречистување на отпадни води);

13) геолошки истражувања;

14) рудници и облагородување на железна руда, производство на сурово железо, производство на суров челик (конвенторски челик и електрочелик), валачници за висококвалитетни и специфични видови на челик во интегралниот процес на производството, производство на бел лим и производство на кокс;

15) рудници и производство на обоени метали;

16) рудници на неметали и облагородување на неметални суровини;

17) производство на органски и неоргански базни хемиски производи и интермедиери;

18) прозводство на шеќер, масло и маргарин;

19) воздушен сообраќај (само за авиони со најмалку пет патнички седишта што се користат за патнички сообраќај;

20) железнички сообраќај (електрични, дизел, и хидраулични локомотиви, електромоторни возови, товарни вагони, безбедност на железничкиот сообраќај (СС, ТК и др.), манипулација со стоки и опрема за одржување и реконструкција на пруги);

21) безбедност на воздушната пловидба;

22) безбедност на поморскиот сообраќај;

23) безбедност на внатрешните пловни патишта;

24) заштита на човековата средина;

25) политичко-информативна дејност;

б) намалување на царината за 40% — посебната такса се плаќа по стапка од 7,5% и тоа за:

1) изградба на капацитети за секундарна преработка на нафта, во кои треба да се подобри рандманот на искористувањето на нафтата до односот 25 : 75 црни и бели продукти;

2) механизација за индустриско производство на земјоделски производи (зеленчук, луцерка, детелина, силажна пченка, добиточна репка, хмељ, овошје, и грозје на плантажи);

3) механизација за индустриско производство на добиток и добиточни производи и живина (одгледување и гоење на говеда, производство на млеко, одгледување и гоење на свињи, одгледување и гоење на овци, производство на волна и млеко, одгледување и гоење на живина и производство на јајца);

4) лов и преработка на морски риби;

5) производство на базни фармацевтски суровини;

6) аеродроми за меѓународен сообраќај (само за аеродромска опрема);

7) магистрални телефонски и телеграфски сообраќај;

8) инфраструктура во пристаништа и луки, што служи за претовар во линискиот, контејнерскиот и масовниот превоз и модернизација на претоварните капацитети (опрема) што служат за контејнерски, линиски и масовен товар;

в) намалување на царината за 30% — посебната такса се плаќа по стапка од 8%, и тоа за:

1) преработка на течно млеко и производство на путер и сирење;

2) индустрија на готови и полуготови јадења;

3) складови и ладилници за прехранбено производство и за дистрибутивни центри;

4) машиноградба и бродоградба, и тоа само за изградба на капацитети за производство на опрема наменета за развој на капацитети од заеднички интерес;

5) изградба на објекти од придонесите на југословенски работници привремено вработени во странство, ако тие објекти се изградуваат во подрачја што според републички, односно покраински прописи се сметаат како недоволно развиени;

6) за изградба на хотели за развој на странскиот туризам.

Специфичната опрема за изградба на хотели за развој на странскиот туризам се утврдува во постапката пропишана во точка 9 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфичната опрема во 1977 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/77);

7) производство на електрична енергија на течни горива.

4. По исклучок од одредбата на точка 3 од оваа одлука, на увозот на специфичната опрема за професионална рехабилитација на инвалиди и на специфичната опрема што се увезува за потребите на слепи лица врз основа на решенијата за царинскиот контингент што се донесуваат врз основа на точка 10 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфичната опрема во 1977 година — посебната такса се плаќа по стапка од 7%.

5. По исклучок од одредбата на точка 1 од оваа одлука, на увозот на бродови за меѓународниот поморски транспорт од тар. број 89.01. од Царинската тарифа, чие купување е договорено и пријавено на банката до 31 декември 1975 година, посебна такса се плаќа по стапка од 7%.

33/76), за повластиците што ги користат врз основа на објава за бесплатно возење на корисниците на правото според Законот за воените инвалиди и книшката за повластено возење на воен инвалид, пропишана со Правилникот за остварување на правата на воените инвалиди на бесплатно и повластено возење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 6/77);

9) на слепите лица што имаат до 10% способност на видот и на придружниците на слепи лица — врз основа на одредбите од Законот за престанок на важењето на Одлуката за лицата што имаат право на повластица во возењето при користењето на годишниот одмор и на Одлуката за определување повластици во патничкиот сообраќај („Службен лист на СФРЈ“, бр. 56/65), за повластиците што ги користат врз основа на легитимацијата за слепи лица издадена од страна на Сојузот на слепите на Југославија.

2. Надоместот од точка 1 на оваа одлука (во натамошниот текст: надоместот) им се исплатува на сообраќајните организации само за превозот извршен во внатрешниот јавен сообраќај, и тоа на релациите, односно на линиите предвидени во возниот ред и според однапред утврдените редовни цени на превозот.

3. Надоместот им се исплатува на сообраќајните организации врз основа на докази за извршениот превоз на корисниците на повластицата.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка на железничките транспортни организации на здружениот труд надоместот за бесплатен превоз на членовите на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на членовите на Советот на федерацијата, на делегатите на Собранието на СФРЈ и на членовите на Сојузниот извршен совет им се исплатува во паушален износ. Височината на тој надомест се утврдува со договор што го склучуваат претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски и Заедницата на југословенските железници, а врз основа на бројот на корисниците на повластицата, проценетиот број патувања, проценетиот просечен превозен пат и износот на редовната цена на возната карта на просечниот пат за едно патување во односниот период.

4. Надоместот се исплатува врз основа на барање за исплата на надоместот, што сообраќајната организација го поднесува до Службата на општественото книговодство кај која има жиро-сметка.

5. Исплатата по барањата од точка 4 на оваа одлука ја врши Службата на општественото книговодство од средствата на Буџетот на федерацијата за 1977 година, позиција 445 — Средства за покритие на обврските за повластено возење во патничкиот сообраќај.

6. Сојузниот секретар за финансии, во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски, ќе го пропише начинот на исплатувањето на надоместот на сообраќајните организации за искористените бесплатни и повластени возења, како и документацијата што се поднесува кон барањето за исплата на надоместот.

7. Оваа одлука ќе се применува од 1 јануари 1977 година.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 125/77
11 февруари 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**д-р Антон Вратуша, с. р.**

**126.**

Врз основа на член 7 од Законот за обезбедување на трајни обртни средства на организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/72, 40/73, 66/74, 13/76 и 58/76), сојузниот секретар за финансии пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОСЕЧНАТА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ НА ЗАЛИХИТЕ И ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА И НА КРЕДИТИТЕ ЗА ТРАЈНИ ОБРТНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на просечната годишна вредност на залихите и за начинот на утврдување на сопствените средства и на кредитите за трајни обртни средства („Службен лист на СФРЈ“, бр. 20/76), во член 2 став 2 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен износите евидентирани на контото 630 — Готови производи и на контата 660 и 669 — Трговски стоки по основ на експедирани производи и стоки на купувачот (стоки на пат) и износите евидентирани на тие конта во согласност со одредбите на член 6 од Правилникот за исправите со кои се утврдува износот на издатоците содржани во ненаплатената реализација („Службен лист на СФРЈ“, бр. 43/76 и 57/76).“.

Член 2

Во член 3 став 1 точка 3 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова точка 4, која гласи:

„4) покриени со меници со авал за плаќање на набавените стоки и со меници со авал за отплатување на стоковни кредити (дел од контата 204 и 934).

Во став 2 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен износот од точка 4 став 1 на овој член што во пресметката по завршната сметка за 1976 година се дели со бројот 9.“.

Член 3

Во член 8 став 3 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен износот од контото 934 што е земен во пресметка според одредбите на член 3 став 1 точка 4 од овој правилник.“.

Член 4

Член 11 се менува и гласи:

„Под кредити за трајни обртни средства се подразбираат кредитите со рок за враќање над една година, што се искажани на контата 913, 914, 915, 923, 924 и 925 и делот на кредитите искажан на контата 916, 926 и 261 што се користи за обртни средства, како и делот на кредитите искажан на контата 917, 918, 919, 927, 928, 929 и 263, освен делот на кредитите од наведените конта земен за покритие на основните средства според одредбите на член 7 став 3 точка 3 од овој правилник и за покритие на пласманите на деловните средства според одредбите на член 8 став 3 од овој правилник.“

Член 5

Во член 12 став 1 зборовите: „над пет години“ се заменуваат со зборовите: „над една година“.

Член 6

Во забелешката 3 кон образецот ТОС на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат збо-

ровите: „освен во 1977 година кога не се пополнува тој образец под ред. бр 22. — Намалување според одредбите на член 8 од Законот.".

Член 7

Овој правилник се применува и врз составувањето на Пресметката на трајните обртни средства. што се поднесува кон завршната сметка за 1976 година.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1933/1
15 февруари 1977 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Момчило Цемовиќ**, с. р.

---

**127.**

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за условите и постапката за санација („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), сојузниот секретар за финансии пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ДЕЈСТВИЈАТА ВО ПОСТАПКАТА ЗА САНАЦИЈА ШТО СЕ ЗАПИШУВААТ ВО РЕГИСТАРОТ ШТО ГО ВОДИ СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

Член 1

Согласно со член 4 став 1 од Законот за условите и постапката за санација (во натамошниот текст: Законот), Службата на општественото книговодство води регистар на основните организации на здружениот труд, на работните организации, на земјоделските задруги, односно на основните задружни организации или други задруги, на деловните заедници и на самоуправните интересни заедници (во натамошниот текст: Регистарот) во кој се запишуваат податоци за дејствијата во постапката за санација.

Член 2

Во Регистарот, за основните организации на здружениот труд и за работните организации што немаат во својот состав основни организации, запишуваат особено:

1) податок кога е донесена одлука за отворање постапка за санација (член 5 став 1 од Законот);

2) податоци од одлуката за отворање постпака за санација (член 5 став 2 од Законот), и тоа:

— рокови во кои ќе се утврдат причините за настанатите загуби,

— рокови во кои ќе се утврди евентуалната одговорност на работоводниот орган и на одделни работници за настанатите загуби;

— рокови во кои ќе се донесе програма за мерките за отстранување на причините за настанатите загуби и за мерките за обезбедување на успешно, работење;

— датум на упатувањето на барањето на други основни организации на здружениот труд со кои е склучена самоуправна спогодба за меѓусебно поднесување на ризикот и за покривање на загубите, односно со кои се здружени средства на резервата за тие цели, како и на фондот на заедничките резерви на територијата на општествено-политичката заедница за покривање на загубата;

— датум на упатувањето на предлогот за покривање на загубата до други потенцијални преземачи на санацијата,

— други податоци од значење за спроведување на постапката за санација;

3) податок кога работоводниот орган го известил надлежниот орган на општествено-политичката заедница за работењето со загуба и за износот на непокриената загуба, ако не е донесена одлука за отворање на постапка за санација (чл. 5 и 6 од Законот;

4) податок кога е усвоена програмата на мерките;

5) податок дали и кога надлежниот орган на собранието на општествено-политичката заедница, заедно со работничкиот совет, односно со други органи на управување со работната организација му предложил определени мерки ако не е донесена програма на мерките (член 7 став 3 од Законот);

6) податок дали и кога собранието на општествено-политичката заедница ги определило мерките што се применуваат за општествена заштита на самоуправните права и на општествената сопственост, ако не се донесени мерки по предлог на општествено-политичката заедница и на работничкиот совет, односно друг орган на управување со работната организација;

7) датум и износ на покритието на загубата (член 8 од Законот). и тоа:

— од страна на основните организации на здружениот труд со кои е склучена самоуправна спогодба за меѓусебно покривање на загубите;

— од страна на други основни организации на здружениот труд со кои се здружени средства на резервите за покритие на загубите;

8) ден на објавувањето на предлогот за преземање на санација во „Службен лист на СФРЈ", ако загубата не е покриена во рок од 45 дена од рокот пропишан за поднесување на завршната сметка (член 11 од Законот);

9) податок кога е склучена спогодба помеѓу преземачите на санацијата и основната организација на здружениот труд што се санира (член 13 од Законот);

10) датум и вкупен износ на надоместувањето на средствата од страна на преземачите на санацијата;

— со дознака на жиро-сметката;

— со отпис на побарувањата;

— со меница со авал;

11) податок за средствата што се дадени со обврска за враќање и во кој износ;

12) податок дали со самоуправната спогодба височината на аконтацијата на личните доходи во основната организација за време на траењето на санацијата е ограничена (член 16 од Законот);

13) податок за завршетокот на програмата за санација (чл. 2 и 3 од Законот);

14) податок дали е поведена постапка за утврдување на одговорноста на работоводниот орган или на одделни работници и резултат од таа постапка (член 17 од Законот);

15) податок за поднесената пријава до надлежниот стопански суд поради тоа што непокриените загуби не се надоместени на начинот и во роковите, пропишани со закон (член 30 од Законот).

Член 3

Во Регистарот, за земјоделските задруги, односно за основните задружни организации или други задруги, се запишуваат особено:

1) податок кога е донесена одлука за отворање на постапката за санација (член 22 од Законот);

2) податоци од одлуката за отворање на постапката за санација (член 22 од Законот), и тоа:

— рокови во кои ќе се надоместат загубените средства;

— рокови во кои ќе се утврдат настанатите загуби;

— податок кога е усвоена програмата на мерките за отстранување на причините за настанување на загубите и мерките за обезбедување на успешно работење;

— датум на упатувањето на предлогот за покривање на загубите на други потенцијални преземачи на санацијата;

3) датум кога е извршено покривање на загубата.

Член 4

Во Регистарот, за деловната заедница, се запишуваат особено:

1) податок кога е донесена одлука за распределба на непокриената загуба на организациите на здружениот труд за чија сметка се преземени обврски и содржина на таа одлука;

2) податок кога и на кој начин е извршен надомест на делот на загубите на деловната заедница, распоредени според член 23 од Законот;

3) податок дали е поведена постапка за утврдување на одговорноста за работоводниот орган или на одделни работници за настанатата загуба.

Член 5

Во Регистарот, за самоуправната интересна заедница на општествените дејности, се запишуваат особено:

1) податок кога е донесена одлука за отворање постапка за санација;

2) податоци од одлуката за отворање постапка за санација, и тоа:

— рокови во кои ќе се утврдат причините за настанатите непокриени расходи;

— рокови во кои ќе се донесат програми на мерките за обезбедување на усогласена слободна размена на трудот и за обемот на издатоците, во согласност со расположивите средства;

— рокови во кои ќе се обезбедат средства за покритие на непокриените расходи, во согласност со самоуправната спогодба за формирање на самоуправната интересна заедница;

— податок дали е поведена постапка за утврдување на одговорноста на одделни работници на самоуправната интересна заедница за настанатите непокриени расходи;

— други податоци од значење за успешно спроведување на санацијата;

3) датум кога е усвоена програмата на мерките и содржината на таа програма;

4) податок дали им е доставена и кога програмата на мерките на основните организации на здружениот труд што вршат слободна размена на трудот преку, односно во рамките на самоуправната интересна заедница и на надлежниот орган на општествено-политичката заедница, во рамките на рокот од 30 дена од истекот на рокот за поднесување на завршната сметка;

5) податок дали самоуправната интересна заедница на општествените дејности обезбедува средства во височина на непокриените расходи во рок од 90 дена од денот на истекот на рокот пропишан за поднесување на завршната сметка;

6) податоци за средствата за покритие на непокриените расходи обезбедени, и тоа:

— со уплата на жиро-сметката;

— со отпис на побарувањата;

— со давање меници со авал до 90 дена;

— со давање средства, со обврски за враќање;

7) податок дали и кога самоуправната интересна заедница на општествените дејности ја известила Службата на општественото книговодство и собранието на надлежната општествено-политичка заедница дека не донела одлука за санација, односно дека не донела програма на мерките во определениот рок (член 27 од Законот);

8) податок дали општествено-политичката заедница предложила програма на мерките и кога.

Член 6

Во Регистарот, за самоуправната интересна заедница на материјалното производство, се запишуваат особено:

1) податок кога е донесена одлука за отворање на постапка за санација (член 28 од Законот);

2) датум кога е извршена распределба на непокриените расходи на основните организации на здружениот труд за чија сметка се преземени обврските (член 29 од Законот);

3) податок кога основните организации на здружениот труд се известени писмено за износот на делот на непокриените расходи што се должни да го надоместат (член 29 од Законот);

4) датум и износ кога непокриените расходи се надоместени (член 29 од Законот).

Член 7

Во Регистарот се запишуваат и податоци дали е донесена програма на мерките за отстранување на причините поради кои настанале загубите, односно поради кои не е извршено покритие на расходите, ако организациите од член 1 на овој правилник искажале непокриени загуби, односно непокриени расходи за периодите јануари-јуни и јануари-септември (член 32 од Законот).

Член 8

Службата на општественото книговодство внесува во Регистарот податоци врз основа на пријавите, заедно со документацијата што во постапката за санација се поднесува според одредбите на овој правилник.

Пријавата со документацијата од став 1 на овој член ја поднесуваат овластените лица на организациите од член 1 од овој правилник во заверен препис или фотокопија.

Член 9

Податоците и документацијата пропишани со овој правилник се доставуваат до Службата на општественото книговодство во 2 примерока.

Член 10

Податоците запишани во Регистарот се јавни.

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-2039/1
18 февруари 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за финансии,
Божидар Радуновиќ, с. р.

**128.**

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/73), Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита објавува

## СПИСОК

## НА ГОТОВИТЕ ЛЕКОВИ И ОБЛИЦИ ИЛИ ПАКУВАЊА НА ГОТОВИТЕ ЛЕКОВИ ЗА КОИ Е ДОНЕСЕНО РЕШЕНИЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ, ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУНИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1976 ГОДИНА

1. Во периодот од 1 јуни до 31 декември 1976 година е укината согласноста за пуштање во промет на следните готови лекови:

| Реден број | Назив на лекот | Облик и пакување на лекот | Производител на лекот | Број и датум на согласноста за пуштање на лекот во промет | Број и датум на решението за укинување на согласноста за пуштање на лекот во промет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | AKVA — PAS | таблети, 48 x 3 g | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 15-515-192/2 од 23. VII 1965. | 05/2-5448/1 од 9. XII 1976. |
| 2 | ALOPURINOL | таблети, 25 x 100 mg | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 6-3771/1 од 26. XII 1973. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 3 | ALOPURINOL | таблети, 50 x 100 mg | „ | 6-3771/2 од 26. XII 1973. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 4 | ANGININ | таблети, 20 x 250 mg | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 6-3604/1-72 од 8. V 1973. | 05/2-2192/1 од 28. XII 1976. |
| 5 | ANGININ | таблети, 100 x 250 mg | „ | 6-3604/2-72 од 8. V 1973. | 05/2-2192/1 од 28. XII 1976. |
| 6 | ATROPIN — PAPAVERIN | инјекции, 10 x 1 ml | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 08-566/1-71 од 18. X 1972. | 05/2-4679/1 од 25 XI 1976. |
| 7 | ATROPIN — PAPAVERIN | инјекции, 50 x 1 ml | „ | 08-566/2-71 од 18. X 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 8 | AVACAN | раствор, 15 ml | „Босналијек" — Предузеће за производњу фармацеутских, козметичких и хемијских производа — Сарајево | 148 од 28. I 1957. | 05/2-2674/1 од 6. IX 1976. |
| 9 | BEKLORAM | сируп, 50 ml | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 15-515-211/1 од 8. VI 1964. | 05/2-5449/1 од 8. XII 1976. |
| 10 | BELLATOTAL | раствор, 10 ml | „ | 09-104/1 од 25. IV 1960. | 05/2-5441/1 од 8. XII 1976. |
| 11 | BUTAZOLIDIN | ампули, 5 x 3 ml | „ | 08-1604/1-71 од 14. I 1972. | 05/2-5450/1 од 9. XII 1976. |
| 12 | CHOLOTERP | капсули, 30 капс. | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 08-3094/1 од 20. V 1971. | 05/2-5473/1 од 9. XII 1976. |
| 13 | CITROBAR | прашок, 10 ќесички x 150 g | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 15-228/1-66 од 4. I 1968. | 05/2-5451/1 од 8. XII 1976. |
| 14 | DEPLAST | распрскувач, 100 g | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 08-1836/1-70 од 24. III 1971. | 05/2-5470/1 од 9. XII 1976. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 15 | DEPLAST | распрскувач, 200 g | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 08-1836/2-70 од 24. III 1971. | 05/2-5470/1 од 9 XII 1976. |
| 16 | DIALPYRIN | инјекции, 5 x 2 ml | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 08-6/1-71 од 19. X 1972. | 05/2-4679/1 од 25 XI 1976. |
| 17 | DIALPYRIN | инјекции, 50 x 2 ml | „ | 08-6/2-71 од 19 X 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 18 | DIALPYRIN | супозитории, 5 супоз. | „ | 08-5/1-71 од 19. X 1972. | 05/2-4679/1 од 25 XI 1976. |
| 19 | DIGITOTAL | раствор, 15 ml | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 09-326/1 од 30 XII 1960. | 05/2-5440/1 од 8 XII 1976. |
| 20 | DIHYDROERGOTAMIN | ампули, 50 x 1 ml | „Лек" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 15-515-255/ /2-65 од 2. XI 1965. | 05/2-3128/1 од 28. VII 1976. |
| 21 | DIHYDROERGOTAMIN | раствор, 15 ml | „ | 15-515-250/ /1-65 од 12. X 1965. | 05/2-3916/1 од 14. IX 1976. |
| 22 | ERALDIN | таблети, 20 x 100 mg | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 6-2496/1 од 30. V 1973. и допунско решење 05/2-629/1 од 23. V 1975. | 05/2-4229/1 од 27 IX 1976. |
| 23 | EUTIZON B | таблети, 30. табл. | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 05-2444/1 од 13. XII 1968. | 05/2-5442/1 од 9. XII 1976. |
| 24 | FERROHEPT | дражеи, 40 x 0,2 mg | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 08-158/1-71 од 20. X 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 25 | FERROHEPT | дражеи, 120 x 0,2 mg | „ | 08-158/2-71 од 20. X 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 26 | FIDEMYCIN | сува смеса за приготвување капки, 10 ml | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 15-445/1 од 25. V 1966. | 05/2-5465/1 од 9. XII 1976. |
| 27 | FLUORSAN | таблети, 30 табл. | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 636 од 14. VIII 1956. | 05/2-5443/1 од 8. XII 1976. |
| 28 | FURSEMID | инјекции, 50 x 20 mg | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 08-26/2-71 од 23. X 1972. | 05/2-4679/1 од 25 XI 1976. |
| 29 | GASTROMUCIN | капсули, 6 x 350 mg | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 05-4484/1-69 од 2. III 1970. | 05/2-5444/1 од 9. XII 1976. |
| 30 | GLUCOSAL | раствор, 500 ml | Медицински факултет — Институт за трансфузиологија и хематологија — Скопје | 15-515-281/ /1-64 од 27. I 1965. | 05/2-4764/1-75 од 21 XII 1976. |
| 31 | GLUCOSALINI | раствор, 500 ml | Завод за трансфузију крви СРС — Београд | 15-515-377/1 од 31. XII 1964. | 05/2-2555/1 од 16. XII 1976. |
| 32 | GLUTAMIN | сируп, 200 ml | „Босналијек" — Предузеће за производњу фармацеутских, козметичких и хемијских производа — Сарајево | 1604/56 од 28. I 1957. | 05/2-2674/1 од 6. IX 1976. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 33 | HICONCIL | капсули, 8 x 250 mg | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 2403/1 од 1. XI 1974. | 05/2-5280/1 од 9. XII 1976. |
| 34 | HYDANPHEN | таблети, 50 табл. | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 16-621/1 од 10 XII 1963. | 05/2-5445/1 од 8. XII 1976. |
| 35 | INDERAL | таблети, 50 x 10 mg | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 08-5881/1 од 25. XII 1970 | 05/2-2259/1 од 6. IX 1976. |
| 36 | INDERAL | таблети, 250 x 10 mg | „ | 08-5881/2 од 25. XII 1970. | 05/2-2259/1 од 6. IX 1976. |
| 37 | INDOMETACIN | супозитории, 5 x 100 mg | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 05/2-3994/1-75 од 30. III 1976. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 38 | IRGAPYRIN | ампули, 3 x 3 ml | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 6-1817/1 од 14. IX 1972. | 05/2-5445/a од 8. XII 1976. |
| 39 | ISOXYL | таблети, 50 табл. | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 15-460/1 од 15. IX 1966. | 05/2-5467/1 од 9. XII 1976. |
| 40 | ISOXYL | таблети, 500 табл. | „ | 15-460/2 од 15. IX 1966. | 05/2-5467/1 од 9. XII 1976. |
| 41 | LEKOSEPT | таблети, 250 x 250 mg | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 08-16/2-71 од 18. X 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 42 | LIDOCAIN | инјекции 1%, 10 x 20 ml | „ | 6-1822/2 од 9 XI 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 43 | LIDOCAIN | инјекции 2%, 10 x 2 ml | „ | 08-159/1-71 од 9. XI 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 44 | LIDOCAIN | инјекции 2%, 100 x 2 ml | „ | 08-159/2-71 од 9. XI 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 45 | LIDOCAIN | spray, 80 g | „ | 08-30/1-71 од 20. X 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 46 | LIDOCAIN 2% ADRENALIN 0,001% | инјекции, 10 x 2 ml | „ | 6-1586/1 од 9. XI 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 47 | LIDOCAIN 2% ADRENALIN 0,001% | инјекции, 100 x 2 ml | „ | 6-1586/2 од 9. XI 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 48 | LIDOCAIN 2% ADRENALIN 0,001% | инјекции, 10 x 10 ml | „ | 08-161/1-71 од 9. XI 1972. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 49 | MODITEN | ампули, 5 x 1 ml по 1 mg | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 05-5101/1-69 од 13. XI 1970. | 05/2-5469/1 од 9. XII 1976. |
| 50 | NAKOM | таблети, 30 табл. | „Лек" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 301/1 од 1. X 1974. | 05/2-4467/1-75 од 6. IX 1976. |
| 51 | NIAMID | ампули за парентерална примена, шишенце со 500 mg | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 15/II-2027/ /1-67 од 10. I 1968. | 05/2-5464/1 од 9. XII 1976. |
| 52 | NIAMID | таблети, 30 x 25 mg | „ | 15-689/1 од 29 XII 1966. | 05/2-5468/1 од 9. XII 1976. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 53 | NIAMID | таблети, 100 x 25 mg | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 15-689/2 од 29. XII 1966. | 05/2-5468/1 од 9. XII 1976. |
| 54 | NIAMID | таблети, 30 x 100 mg | „ | 15-690/1 од 26 XII 1966. | 05/2-5468/1 од 9. XII 1976. |
| 55 | NIAMID | таблети, 100 x 100 mg | „ | 15-690/2 од 26 XII 1966. | 05/2-5468/1 од 9 XII 1976. |
| 56 | NONA — GEL | вагинални супозитории, 10 супоз. | ‚Босналијек" — Предузеће за производњу фармацеутских, козметичких и хемијских производа — Сарајево | 09-159/1 од 22. VI 1960. | 05 2-1880/1 од 28 VII 1976. |
| 57 | NUTRIZYM | дражеи, 20 драж. | „Лек" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 08-1632/1-71 од 24. V 1972. | 05/2-2857/1 од 28 VII 1976. |
| 58 | OKSAZEPAM | таблети, 100 x 10 mg | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 05/2-1722/1 од 24 IV 1975. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 59 | OPODELDOK | линимент, 50 g | „Алкалоид" — Хемиска фармацевтска козметичка индустрија — Скопје | 108-210/1 од 17. X 1962. | 05/2-2157/1 од 6. IX 1976. |
| 60 | OSPEN 200 | сируп, 100 ml | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 05-1322/1 од 8. X 1968. | 05/2-5123/1 од 22. XI 1976. |
| 61 | PIMAFUCIN | вагинални таблети, 10 ваг. табл. | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 05/2-3561/1 од 22. X 1975. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 62 | PIRIDINOL — KARBAMAT | таблети, 20 x 250 mg | „Фармакос" — Фабрика лекова — Призрен | 2914/1 од 31. XII 1974. | 05/2-5823/1 од 28. XII 1976. |
| 63 | POLIZYM | дражеи, 40 драж. | „Крка" Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 108-70/1-62 од 25. VII 1963. | 05/2-5466/1 од 9. XII 1976. |
| 64 | REDERGIN | раствор, 15 ml | „Лек" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 15-515-206/1 од 22. VII 1965. | 05/2-4636/1 од 1. XII 1976. |
| 65 | REDERGIN | раствор, 100 ml | „ | 6-8410/1-72 од 29. I 1973. | 05/2-2410/1 од 28. VII 1976. |
| 66 | RENOFON | капсули, 250 капс. | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 6-1803/2 од 13. VI 1973. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 67 | RHEUMIN LIQUIDUM | 100 ml | „Крка" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 535 од 14. VIII 1956. | 05/2-5471/1 од 9. XII 1976. |
| 68 | RINGER | раствор, 500 ml | Завод за трансфузију крви СРС — Београд | 15-515-376/1 од 31. XII 1964. | 05/2-2553/1 од 14. XII 1976. |
| 69 | RIVOTRIL | таблети, 50 x 0,5 mg | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 05/2-1752/1 од 27. VI 1975. | 05/2-992/1 од 28. VII 1976. |
| 70 | RIVOTRIL | таблети, 150 x 0,5 mg | „ | 05/2-1752/2 од 27. VI 1975. | 05/2-4464/1 од 22. XI 1976. |
| 71 | SILAPEN — 500 | таблети, 16 x 500.000 и. ј. | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 2252/1 од 10. XII 1974. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 72 | SILAPEN — 500 | таблети, 100 x 500.000 и.ј. | „ | 2252/2 од 10. XII 1974. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 73 | SILAPEN — 1000 | таблети, 8 x 1,000 000 и ј | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 2251/1 од 10. XII 1974. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 74 | SILAPEN — 1000 | таблети, 100 x 1,000.000 и.ј. | „ | 2251/1 од 10 XII 1974 | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 75 | SOLUTIO GLUCOSI 5% | раствор, 500 ml | Завод за трансфузију крви СРС — Београд | 09-45/1-61 од 31 I 1961. | 05/2-2557/1 од 16. XII 1976. |
| 76 | SOLUTIO NATRII CHLORIDI ISOTONICA | раствор, 500 ml | „ | 09-46/1-61 од 31. I 1961. | 05/2-2556/1 од 14. XII 1976. |
| 77 | STREPTOMICIN SULFAT | инјекции, 50 x 1 g | „Подравка" — Копривница — ООУР „Белупо" — Творница лијекова — Лудбрег | 05-2240/1 од 31. XII 1974. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 78 | STREPTOMICIN SULFAT | инјекции, 1 x 5 g | „ | 05-2239/1 од 31. XII 1974. | 05/2-4679/1 од 25. XI 1976. |
| 79 | TETRACIKLIN B | сува смèса за приготвување суспензија, 50 ml | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 05-3190/1 од 7. XI 1968. | 05/2-5446/1 од 8. XII 1976. |
| 80 | ULTRALAN | крем, 10 g | „Алкалоид — Хемиска фармацевтска козметичка индустрија — Скопје | 05-2220/1-68 од 28. III 1969. | 05/2-1168/1 од 5. VII 1976. |
| 81 | ULTRALAN | маст, 10 g | „ | 05/2-3855/1-74 од 21. II 1975. | 05/2-1168/1 од 5. VII 1976. |
| 82 | UROTERP | капсули, 30 капс. | „Крка" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 08-3098/1 од 20. V 1971. | 05/2-5472/1 од 9. XII 1976. |
| 83 | VASITEN | маст, 15 g | „Лек" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 05-3829/1-68 од 27. III 1969. | 05/2-2858/1 од 28. VII 1976. |
| 84 | VITAGERIN | капсули, 24 капс. | „Крка" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Ново место | 05/2-1663/1 од 21. IV 1975. | 05/2-2671/1 од 1. XII 1976. |
| 85 | VITAL | зрнца, 60 g | „Плива" — Творница фармацеутских и кемијских производа — Загреб | 09-1194/1 од 25. VIII 1959. | 05/2-5447/1 од 8. XII 1976. |
| 86 | XYLOCAIN 1% | раствор за инјекции, 50 ml | „Босналијек" — Предузеће за производњу фармацеутских, козметичких и хемијских производа — Сарајево | 459/10 од 27. III 1958. | 05/2-2674/1 од 6. IX 1976. |
| 87 | XYLOCAIN 2% | раствор за инјекции, 50 ml | „ | 459/3 од 27. III 1958. | 05/2-2674/1 од 6. IX 1976. |

